Вр основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 април 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на Светлана Ампова УП2 09-70/26 од 5 февруари 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1160235096 од 31.01.2026 за период 31.12.2025-29.01.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1160235096 од 31.01.2026 за период 31.12.2025-29.01.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОНИШТУВААТ.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да издаде нова Фактура за испорачана електрична енергија според Извештаите за отчитани состојби на броилото, а согласно член 10 став (8) од Тарифниот систем.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Светлана Ампова до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-70/26 од 5 февруари 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1160235096 од 31.01.2026 за период 31.12.2025-29.01.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ), конкретно против висината на износот.

Според ЕВН ХОМЕ - станува збор за коригирана фактура која е изготвена согласно регистрираната потрошувачка на електрична енергија за Вашето мерно место.

Корекцијата на фактура е извршена, со цел да се овозможи точна распределба на потрошената електрична енергија, по соодветните тарифни блокови. Во случај кога е извршена уплата по фактури кои се сторнирани за изготвување на корекциската фактура, уплатените средства се земени предвид и се евидентираат во новата, коригирана фактура.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 5 февруари 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-70/26 од 5 февруари 2026 година;

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 11 февруари 2026 со прилог:
- Извештај за отчитани состојби на броилото

На седницата се заклучи ЕВН ХОМЕ да достави примерок од приговараната фактура, при што на 26 март 2026 година беше доставен бараниот примерок и на 6 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 10 став (2) од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 246/23) - Универзалниот снабдувач за секој потрошувач треба да издаде фактура за испорачана електрична енергија што се состои од следниве делови:

1) надоместок за испорачана електрична енергија во кој ќе бидат наведени сите пресметковни елементи и соодветните продажни цени,

2) надоместоци за користење на преносната и дистрибутивната мрежа пресметани според одредбите од соодветните тарифни системи за пренос и дистрибуција на електрична енергија, со сите пресметковни елементи и соодветни тарифи за категоријата на приклучок на потрошувачот и

3) задолжителни елементи пропишани со закон (даноци, комунална такса и др.).

Според ставот (8) од истиот член, во случаите кога фактурата од ставот (2) на овој член се однесува на пресметковен период во којшто има промена на продажните цени и тарифи, потрошената електрична енергија се распределува по блокови имајќи ја предвид распределбата на просечната потрошувачка на електрична енергија по блокови во изминатите три пресметковни периоди.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–70/26**
**16 април 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**